РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-25
19.10.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:** **Коалиција ВЛЕН**

**Предмет:** **Одговор на Претставка**

Почитувани,

Внимателно ги разгледавме Претставките кои ги упативте до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (наш УПП бр. 03-25 од 13 и од 14.10.2025 година), во кои реагирате за порталот ТетоваСот и на новинарот за кои велите дека отстапуваат од професионалните стандарди во полза на, како што наведувате, кандидатот за градоначалник од коалицијата Национална алијанса за интеграција – НАИ и барате да ве известиме за преземените активности. Сметате дека при тоа, онлајн медиумот и новинарот ги повредиле начелата на Кодексот на новинарите за независност, непристрасност и интегритет, за избалансираност, и за почитување на човековото достоинство.

Ве известуваме дека Агенцијата, како регулаторно тело, нема законска надлежност, ниту по Изборниот законик ниту по Законот за медиуми (ЗМ), да постапува во однос на содржините објавени на онлајн медиуми, односно интернет-порталите (освен за заштита на малолетниците, согласно член 6 од ЗМ).

Имајќи предвид дека почитувањето на професионалните новинарски стандарди утврдени во Кодексот на новинарите се предмет на саморегулација, Ве упатуваме Претставките да ги доставите до Здружението на новинарите на Македонија и до Комисијата за жалби на Советот за етика во медиумите на Македонија – СЕММ.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

www.avmu.mk contact@avmu.mk Тел. + 389 2 3103 400